РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18-3993/4
14.07.2025
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр. 18-3993/1, 30.06.2025г. Здружение центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје,со адреса на ул. Св. Кирил и Методија 30/1-6, Скопје, Центар, Република Северна Македонија, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР**, се уважува барањето бр. 18-3993/1, 30.06.2025г. од Здружение центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје,со адреса на ул. Св. Кирил и Методија 30/1-6, Центар, Скопје.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како прилог бр. 18-3993/3, 14.07.2025г. кон ова решение.

### ***Образложение***

Барателот Здружение центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје,со адреса на ул. Св. Кирил и Методија 30/1-6, Центар, Скопје, достави барање 18-3993/1, 30.06.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019),.
Со барањето 18-3993/1, 30.06.2025г. барателот ги бара следните информации:

1. Видот на субвенции кои се доделуваат на граѓаните за мерки за енергетска ефикасност и системи за производство на енергија од обновливи извори.

1.1 Вкупниот износ во денари на годишно ниво доделени по вид на субвенција за последните три години.

2. Субвенции кои се доделуваат на домаќинства за приклучок кон гасна мрежа или за користење на гас како гориво.

2.2 Вкупниот износ во денари на годишно ниво за субвенции за гас за последните три години.

Информациите што се барат од страна на барателот се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и ажурираната листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-3993/3, 14.07.2025г. на одделението за финансиски прашања,кој е прилог на ова решение.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република

Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-3993/3
14.07.2025 год.
Крива Паланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-2

**ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**

**До службено лице за посредување со информации од јавен карактер**

**Предмет: Доставување на информација од јавен карактер**
Врска: барање бр. 18-3993/2 од 30.06.2025г.

Почитувани, постапувајќи по вашето барање со кое барате информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019),, бр. 18-3993/2 од 30.06.2025г., согласно барањето бр. 18-3993/1, 30.06.2025г. добиено од Здружение центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје,со адреса на ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, Скопје, Центар, Република Северна Македонија, со кои се бараат следните информации од јавен карактер.

1. Видот на субвенции кои се доделуваат на граѓаните за мерки за енергетска ефикасност и системи за производство на енергија од обновливи извори.

1.1 Вкупниот износ во денари на годишно ниво доделени по вид на субвенција за последните три години.

2. Субвенции кои се доделуваат на домаќинства за приклучок кон гасна мрежа или за користење на гас како гориво.

2.2 Вкупниот износ во денари на годишно ниво за субвенции за гас за последните три години.

Ве информираме дека Општина Крива Паланка досега нема доделувано субвенции на граѓаните за мерки за енергетска ефикасност и системи за производство на енергија од обновливи извори, ниту пак субвенции за приклучок кон гасна мрежа или за користење на гас како гориво бидејќи во општината нема гасоводна мрежа.

**Раководител на одделение**
**за финансиски прашања**
**Марија Златановска**